Бр. Сл. 12

Датум 9.12.2008

Врз основа на член 72 и 73 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/2008) Одборот за акредитација на 8. седница одржана на 9.12.2008 година донесе

# РЕШЕНИЕ

за прифаќање и акредитација на проект за основање на Приватна високообразовна установа Меѓународен Славјански институт "Гаврило Романович Државин" во Свети Николе .

1. Се прифаќа Проектот за основање на Приватна високообразовна установа Меѓународен Славјански институт „Гаврило Романович Државин" врз основа исполнетоста на условите согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност.

2. Седиштето на Проектот за основање на Приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански институт „Гаврило Романович Државин" е во Свети Николе.

3. Основач на Проектот за основање на Приватната високообразовна установа, е Јордан Ѓорчев, Ул. Маршал Тито бр.77 Свети Николе.

4. Акредитацијата од член 1 на ова решение се дава на Факултетот за економика, и организација на претприемништво и Факултетот за психологија, за студии од областа на општествените науки.

5. По завршените четири годишни студии студент кој завршил додипломски студии на Приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански институт „Гаврило Романович Державин" во Свети Николе , се стекнува со диплома: на Факултетот за економика и организација на претприемништво - дипломиран економист од соодветната насока, а на Факултетот за психологија : дипломиран психолог.

6. Основачот е должен во целост да го реализира Проектот од точка 1 на ова решение по однос на исполнетоста на условите за вршење на високообразовна дејност и со Законот зависокото образование и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи за вршење високообразовна дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/03).

7. Основачот може да врши запишување на студенти, откако во целост ќе ја спроведе постапката за основање на Приватна високо образовна установа Меѓународен Славјански институт „Гаврило Ронамович Державин" во Свети Николе и во согласност со Законот за високото образование, односно откако ќе добие решение за почеток со работа од Министерството за образование и наука и ќе изврши запишување на високообразовната установа во Регистарот на високообразовни установи на Република Македонија, како и во судскиот Регистар кај надлежниот суд, по што Приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански институт „Гаврило Романович Державин" се стекнува со статус на правно лице и право да врши високообразовна дејност.

8. Според условите дадени во Проектот, на Приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански институт може да се запишат најмногу до 1430 студенти, под услов основачот

целосно да го обезбеди просторот, опремата и наставниот кадар предложени во проектот.

9. Со денот на влегувањето во сила на ова решение основачот има право да ги преземе сите активности за спроведување на ова решение, како и за активностите што ги презема за основање на Приватаната високообразона установа.

10. Основачот нема право ова Решение да го користи за информирање на јавноста дека е завршена постапката на основање и дека се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност на Приватната високообразовна установа, ниту на било кој начин да ја доведува во заблуда јавноста дека може да започне со упис на студенти.

11. Акредитацијата од точка 1 на ова решение му дава право на основачот да продолжи со подготвителни активности, со право наставата да ја започне од учебната 2008/2009 година или подоцна.

12. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува со денот на дадената финансиска гаранција согласно законот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Основачот Јордан Ѓорчев од Свети Николе, Ул.Маршал Тито бр.77, достави Проект за основање на Приватна високообразовна установа Меѓународен Славјански институт "Гаврило Романович Державин" во Свети Николе, со барање за негова акредитација. Одборот на својата 3 седница одржана на 10.06.2008 година формира експертска комисија за оценка на елаборатот. Врз основа на анализата на доставениот материјал експертската комисија

расправаше на 4 седеница одржана на 7.07.2008, на 5 седница одржана на10.09.2008, и на 7 седница одржана на 11.11.2008 година.

По разгледување на Извештајот на експертската комисија, Одборот за акредитација на својата 8 седница одржана на 9,12,2008 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Членовите на Одборот за акредитација одлуката за акредитација ја донесоа едногласно.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ ЗА**
**АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Проф. Д-р Ѓорѓе Иванов